# Основи на сообраќајната безбедност и сообраќајната култура

## 1 дел

Поимот сообраќајната култура претставува множество на сознанија, правила и норми на однесување во сообраќајот, врз чија основа поединецот го вреднува своето или туѓото однесување во сообраќајот како правилно  или неправилно, општествено оправдано или неоправдано.

Републички Совет за Безбедност на Сообраќајот на Патиштата
www.rsbsp.mk

Сообраќајната култура се состои од пишани и непишани правила кои имаат единствена цел, а тоа е почитување на сите учесници во сообраќајот, а особено кон незаштитените и слабо заштитените лица, како што се: пешаците, децата, постарите и инвалидизираните лица и лицата со пречки во развојот.

Пишуваните правила и прописи се дефинираат со закони и со правилници.

Основен акт што ги уредува пишаните правила е Законот за безбедност во сообраќајот

Непишаните правила се универзални за сите можни сообраќајни ситуации
(на пр. давање помош на возач кој застанал на пат поради дефект, давање помош на лица при премин на улица и сл.).

Нивото на сообраќајната култура што го поседува поединец зависи најмногу од домашното воспитување и воспитувањето и образованието стекнато во текот на школувањето, пред сè, во основното и во средното училиште.

Републички Совет за Безбедност на Сообраќајот на Патиштата
www.rsbsp.mk

Иако не постои посебен наставен предмет во образовниот систем на Република Македонија што ќе ја обработува сообраќајна култура, сепак, преку одредени содржини на други наставни предмети и воннаставни активности се допира проблематиката. Но, никогаш доволно! На тоа ни укажуваат секојдневни неправилни и некултурни однесувања во сообраќајот, не само кај младите туку и кај возрасните.

Републички Совет за Безбедност на Сообраќајот на Патиштата
www.rsbsp.mk

Унапредување на сообраќајната култура треба да биде континуиран процес кај сите сегашни и идни учесници во сообраќајот.

Републички Совет за Безбедност на Сообраќајот на Патиштата
www.rsbsp.mk

# Сообраќајни правила и прописи

Републички Совет за Безбедност на Сообраќајот на Патиштата
www.rsbsp.mk

Сообраќајните правила и прописи ги создаваат луѓето. Променливи се и зависни од развојот на сообраќајот. Тие се основа за обликување на однесувањето на учесниците во сообраќајот, но и за безбедноста во сообраќајот. Освен тоа, помагаат возачите да совладаат одделни ситуации во одвивањето на сообраќајот.

Сообраќајните правила и прописи се усогласени со правилата и прописите на ЕУ. Тоа значи дека истите правила важат и во други земји на ЕУ и во опкружувањето, па и пошироко.

Учесниците во сообраќајот се должни да постапуваат во согласност со прописите за правилата на сообраќајот, со сообраќајните знаци поставени на патот и со знаците и наредбите што ги даваат униформираните полициски службеници.

Почитувањето на сообраќајните правила и прописи директно влијае на нивото на сообраќајната култура на учесниците во сообраќајот. Тоа произлегува и од основната дефиниција на сообраќајната култура во која се вели дека во неа се содржани правила и норми на однесување во сообраќајот

**Ви благодариме на вниманието**

Републички совет за безбедност
на сообраќајот на патиштата
во Република Македонија